ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Скопје, април 2021

Врз основа на член 22 став 1 и член 30 став 6 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18) Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седница одржана на ден 19.04 2021 година донесе

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

### ВОВЕД

Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: „Фондот") е правно лице основано според Законот за иновациската дејност, регистриран во Централен Регистар на Република Северна Македонија со решение број 30120130043573 од 16.12.2013 година и матичен број 6920098.

Целта на Фондот е поттикнување на иновациите преку обезбедување дополнителни извори за финансирање, како придонес кон градење на конкурентна економија основана на знаење.

Зацртаните цели се имплементираат преку постојни инструменти и мерки за поддршка, како работење на развој на нови мерки за поддршка на иновациите и технолошкиот развој.

Основни задачи на Фондот се следните:

- финансирање, подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика и поддршка на приватниот сектор;
- професионални и други работи во врска со обезбедување средства во Фондот, управување со тие средства и нивно користење;
- посредување во финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународните организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата, согласно приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- водење база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектите на кои им се одобрени средствата, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои ги финансира Фондот, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- поттикнување и склучување соработка со меѓународни и домашни финансиски институции, но и со други правни и физички лица, поради финансирање на иновациската дејност, во согласност со иновациската политика и други стратешки планови и програми, како и со ратификувани меѓународни договори;
- учество во основање на Национална канцеларија за трансфер на технологии, за поддршка и поттикнување на соработката на универзитетите со индустријата;

- учество во основање на Научно-технолошки парк со цел - поддршка на научно-истражувачката дејност и поттикнување на соработка помеѓу универзитетите и приватниот сектор;
- избор на друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик кој ќе управува со средствата на Фондот, наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестициите;
- основање Фонд за еквити и мезанин инвестиции и донесување статут и проспект на Фондот за еквити и мезанин инвестиции, и
- следење и евалуација на проектите за кои има доделено средства, со цел развивање на претприемачко општество во Република Северна Македонија.

<u>Човечки ресурси</u>

Органи на управување на Фондот се:

- Управен одбор;
- Комитет за одобрување на инвестиции и
- Директор.

Фонд за информации и технолошки развој има вкупно 9 (девет) вработени лица.
За в.д. Директор на Фондот е назначен Костадин Петров.
Вработените во Фондот претставуваат стручно оспособен персонал со висока стручна спрема чија одговорност, квалификации и критериуми за избор е дефинирана во Правилникот за систематизација на работни места.
Покрај вработените, активностите на Фондот ги извршуваат и ангажираните лица во Фондот, стручните лица, низа членови во експертски тимови и комисии.

## ГОДИШЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

**Систем за управување со борба против корупција:**
Фондот со цел спроведување на Годишниот план за спречување на корупција, а согласно спроведената ИСО сертификација (ISO 37001:2017) на системот за борба против корупција, во почетокот на годината изработи Политика за спречување на корупција, во која се дефинирани обврските и должностите на Фондот со цел спречување на корупција. Политиката е **Прилог 1** од Годишниот план за спречување на корупција.

Во Политиката, Фондот ги дефинираше обврските и должностите со цел спречување на корупција и презема обврска за спроведување на политика на нула толеранција во однос на мито и корупција. Фондот дефинираше постапки за работа со трети лица, кои содржат елементи за намалување на ризиците од мито и корупција. Во таа смисла, ***трето лице*** значи секое физичко или правно лице, со кое вработените, ангажираните лица или Фондот може да дојде во контакт за време на работата, кое вклучува: апликанти, корисници на средства на Фондот, добавувачи, дистрибутери, деловни контакти, советници и други владини и јавни тела, вклучително и нивни советници, претставници и службени лица, политичари и политички партии. Тие воглавно се однесуваат на активности поврзани со: финансиското работење на Фондот, вработување, спроведување на јавните набавки, избор на корисници на средствата доделени од страна на Фондот, како и следење на реализација на проектите.

Согласно Политиката за спречување на корупција, Фондот во почетокот на годината воспостави постапки за информирање и градење на свесност кај вработените и ангажираните лица за спречување на корупција. За таа цел Фондот изработи Прирачник за сите инволвирани лица во Фонд за иновации и технолошки развој за системот за борба против корупција (во понатамошниот текст Прирачник) и донесе Одлука за назначување на Претставник на раководството за спречување на корупција. Прирачникот е **Прилог 2** од Годишниот план за спречување на корупцијата.

Прирачникот ги утврди одговорностите на вработените и/или ангажираните лица и други лица поврзани со Фондот во спроведување на активности поврзани со спречување на мито и корупција. Во прирачникот се дадени дефинициите за корупција, судир на интереси и мито, согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија 12/2019").

Одговорното лице за спречување на корупција има одговорност да обезбеди свесност на вработените и ангажираните лица, и да се погрижи истите да ја разбираат Политиката за спречување на корупција и Прирачникот.

Фондот има обврска на почетокот на годината да ги идентификува можните ризици за мито и корупција во Регистерот на ризици за антикорупција. По спроведена проценка на ризик од страна на Фондот идентификувани се посебни ризици за деловните активности на Фондот, а кои би се поврзале со мито и корупција. Следствено на наведеното, а со цел ублажување на ризиците, Фондот разви низа чекори кои се предвидени во Годишниот план за спречување на корупција. Овие чекори, меѓудругото вклучуваат комуникација и обука за политиката на Фондот и овој Прирачник. Процесот на проценка на ризиците за мито и корупција се состојат во четири дела (фази) и тоа: идентификување на можните ризици за корупција, давање на оценка на ризикот, дефинирање на одговорни лица и мерки за нивното отстранување.

Листа на таканаречени „Црвени знамиња" кои укажуваат на мито и корупција се наведени во Анексот на Прирачникот, и истите предупредуваат на ризици кои можат да се појават за време на работните задачи на вработените и ангажираните лица, а кои може да предизвикаат загриженост (согласно применливата регулатива поврзана со мито и корупција). Согласно наведеното, доколку некои од вработените лица се соочат, односно препознаат некои од „црвените знамиња" како потенцијал за ризик, треба веднаш да пријават кај нивниот раководител или кај Одговорното лице за спречување на корупција.

Дополнително, како начин на пријавување може да се користи и Формуларот за поднесување на поплаки до Фонд за иновации и технолошки развој (објавен на веб страницата на Фондот), како и механизмите согласно Законот за укажувачи.

## Свесност и информираност:

За подигање на свесноста и оспособувањето на вработените и ангажираните лица во Фондот планирани се обуки на квартално ниво, на кои истите ќе се запознаат со Политиката за борба против корупција и Прирачникот.

Обуките ќе помогнат вработените и ангажираните лица да ја подигнат својата свесност за спречување, откривање и пријавување на мито и други форми на корупција. Да станат свесни за одговорноста на сите вработени и поврзани лица со Фондот и да избегнуваат било каква активност која може да предизвика непочитување на Политиката за спречување на корупција. Лицата кои нема да ја почитуваат Политиката за спречување на корупција како и одредбите од прирачникот ќе се соочат со дисциплинска постапка.

**Финансиски контроли:**

Фондот спроведува, но согласно Годишниот план за спречување на корупција, ќе ја засили внатрешна контрола согласно Законската регулатива во која ги обезбедува доказите за извршените плаќања кон сите заинтересирани страни. Исто така ќе води комплетна финансиска евиденција, што е опишана во Процедурата за исплата по фактури и договори П 8.5/2-1. Фондот изработи и Процедура за готовинско (благајничко) работење каде е додаден дел за превентивно размислување од аспект на превенција на корупција, се направи и Процедура за прекорачување на лимитот на службени мобилни телефони П 8.5/2-3.

Фондот во своето работење врши финансиска контрола со која доколку се утврди несоодветност во работењето, доколку се поднесени сметки за несоодветни вредности на основните трошоци или пак се работи за фиктивни трошоци, се известува одговорното лице за спречување на корупција и се покренува дисциплинска постапка против вработениот.

**Нефинансиски контроли:**

Фондот во делот на Јавни набавки се води по урнекот на тендерска документација која се користи од Бирото за јавни набавки. Во делот Спречување на судир на интереси е дефиниран начинот на кој што организациите кои спроведуваат јавни набавки постапуваат за да се спречи тој судир, според одредбите од Законот за Јавни Набавки од Сл. Весник 24/2019, член 37 и 38 за спречување на судир на интереси како и Законот за Спречување на корупција и судир на интереси од Сл. Весник 12/2019.

**Имлементација на антикорупциски контроли преку контролни организации:**

Фондот преку јавна набавка ангажира надворешни контролни организации - ревизорски куќи кои вршат мониторинг на проектите кои ФИТР ги одобрува. Во март 2021 година се спроведе нова јавна набавка на контролни организации за мониторинг.

**Залагања против корупција:**

Фондот обезбедува заштита на вработените и заинтересираните лица од штетен третман (отпуштање, дисциплинска постапка, закани или друг неповолен третман поврзан со пријавување на сомнеж), како резултат на одбивање да учествуваат во мито или корупција, при сомнеж дека е случено вистинско или потенцијално дело на корупција или мито, или истото може да се случи во иднина. Фондот се залага за потикнување на отвореност и транспарентност во работењето и истовремено поддржува добра намера за изразување на загриженост согласно Политиката на Фондот.

**Подароци, гостопримство, донации и слични поволности:**

Во својата Политиката Фондот не забранува нормално и соодветно гостопримство (дадено и примено) на или од трети лица. Под нормално и соодветно гостопримство се подразбираат репрезентативни подароци не повисоки од 50 евра во денарска противвредност дефинирано во Процедурата за готовинско работење и постојната регулатива, како и ресторански услуги не повисоки од 50% од дефинираната вредност на дневница. Правниот основ во врска со оваа проблематика е дефиниран во член 58 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси.

Фондот дава донации или спонзорства за едукативни и научно истражувачки дејности. Секоја донација е претходно одобрена од страна на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, а согласно Политиката и применливата законска регулатива.

Управување со несоодветност на контролите против корупција:
Вработените и поврзаните лица со Фондот се одговорни за спречување, откривање и пријавување на мито и други форми на корупција. Раководството има целосна одговорност да обезбеди усогласеност на Политика за спречување на корупција и Прирачникот. Управниот одбор како надлежен орган врши надзор врз работењето на Фондот при спроведување на активностите за спречување на корупција.

Истражување и справување со корупција:
Сите заинтересирани страни имаат можност да пријават загриженост за прашања или сомневања поврзани со несоодветна постапка во најрана можна фаза. Во 2020 година Фондот донесе Протокол за постапување по поплаки поднесени до Фондот за иновации и технолошки развој. Преку Протоколот се отвори можност систематизирано да се поднесуваат поплаки поврзани со работата на Фондот и квалитетот на услугите и процесите, професионалниот однос на сите лица кои се ангажирани од Фондот (вклучително и надворешни соработници на Фондот) како и пријави на сомнеж на мито и корупција. Преку воведување на овој систем Фондот е во корелација со светските пракси за транспарентно и соодветно постапување при добиени коментари (поплаки) со што и степенот на транспарентност е уште поголем. Од друга страна, евиденција и чување на база за примени поплаки во иднина ќе се користи како основ за промена на одредени процеси и подобрување на имиџот на Фондот преку зголемување на професионалноста во работата и транспарентноста.
Согласно Протоколот беше формирана Комисија за постапување по полаки поднесени до Фондот за иновации и технолошки развој.
За било кои прашања за кои вработениот не е сигурен дали одредено дело претставува мито или корупција може да го извести одговорното лице за спречување на корупција.

Целта на Фондот е да поттикне отвореноста и во исто време да го поддржи секој што со добра намера изразува загриженост согласно Политиките на Фондот. Доколку вработениот верува дека претрпел било каков штетен третман (отпуштање, дисциплинска постапка, закани или друг неповолен третман поврзан со пријавување на сомнеж) веднаш треба да го извести одговорното лице за спречување на корупција, а доколку третманот не е поправен може да се поднесе формална поплака до одговорното лице за заштитено внатрешно пријавување на Фонд за иновации и технолошки развој кој е објавен на официјалната веб страница на Фондот.

Меѓу граѓаните постои широко распространета перцепција за селективното владеење на правото. Оваа перцепција се должи како на личните, така и на пренесените искуства од општеството во целина.
Фондот се труди да го поддигне нивото на свест најнапред кај вработените, а потоа и да ја смени сликата кај граѓаните во однос на корупцијата. Фондот останува транспарентен и отворен за одговор на сите прашања и дилеми кои се поставуваат во јавноста.

Записи за перформанси на квалитет и спречување на корупција, ефективност на превземените мерки за ризици, можности и нови потенцијални можности за континуирано подобрување. Фондот и во иднина ќе остане посветен на борбата против корупцијата разгледувајќи ги можностите и преземајќи конкретни мерки за континуирано подобрување прилагодено на потребите за промените во системот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој годишен план влегува во сила од денот на донесување од страна на Управниот одбор на Фондот, а ќе се објави на огласната табла на Фондот за иновации и технолошки развој.

Бр. 01-1710/10

Скопје, 19.04.2021

Претседател на Управен одбор на

Фонд за иновации и технолошки развој

Моника Јованова